

## ОСУМНАСЕТТО ПОКЛОНЕНИЕ ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО ВЕЧНИОТ РИМ

***Високодостојникот на Римокатоличката црква кардиналот Паул Пупар со одбрани зборови се осврна и на екуменското значение на изложбата, завршувајќи го своето обраќање до пристутните со следниве зборови:***

- Ова изложба е, исто така, еден културен чин на зближување на народите и државите, како и на луѓето со различни идеолошки хоризонти. Во името на Понтификалниот совет за култура, а една од неговите задачи е плодниот дијалог меѓу културите, јас ја изразувам сета моја радост за оваа уметничка манифестација со убеденоста дека таа ќе создаде едно проширување на културните хоризонти и исклучително збогатување, човечко и духовно за сите што учествуваат во неа. На сите творци на оваа исклучителна изложба им се упатени мојата жива благодарност и длабока восхит.

На крајот од оваа прекрасна свеченост, од тоа инаугурирање на македонските икони во

ризницата на светското уметничко богатство во средина и место каде што тој чин добива највисок легитимитет, зборуваше директорот на Дирекцијата на Ватиканските музеи, проф. Карло Пјетранџели.

На Денот на свети Кирил и Методиј, 24 мај, главните свечености се одржаа во базиликата *„Свети Климент"* во Рим пред гробот на свети Кирил. Притоа, митрополитот австралиски г. Тимотеј одржа молебен на којшто учествуваа хорот на просветните работници *„Свети Кирил и Методиј"* од Скопје со диригентот Тоде Радевски и октетот „*Русикум",* од Рим, а во присуство на југословенските амбасадори при Светата столица и при Република Италија - Штефан Цигој и Анте Скатерлетко, и културната делегација на чело со академик Матеја Матевски. Пред одржувањето на молебенот беа положени венци во името на културната делегација и на амбасадорите.

*„Денес на молебенот во катедралата „Сан Клементе" присуствуваше и мноштво народ кој веќе беше во катедралата и со внимание го следеше оддавањето почит и благодарност кон солунските браќа свети Климент и свети Методиј, што претставува континуирано оддавање благодарност на свети Кирил и свети Методиј во прославувањето на нивните светителски ликови"* - истакна митрополитот Тимотеј во својата беседа над Кириловиот гроб, додавајќи дека ова, истовремено, е и *„наша голема и трајна благодарност на свети Климент Охридски, зошто се што го красеше свети Климент научи од своите учители".*


СВ.
КЛИМЕНТ



[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**